20252134176

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 14 октомври 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИНСУЛИН, ГЛУКАГОН, ИНСУЛИНСКИ ИГЛИ И ЛЕНТИ ЗА МЕРЕЊЕ ШЕЌЕР, ИНСУЛИНСКИ ПУМПИ СО ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ И СЕНЗОРИ ЗА КОНТИНУИРАНО МЕРЕЊЕ НА ГЛИКЕМИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

1. Во Програмата за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 27/25), во точката 4. „ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА”, ставот 1 се менува и гласи:

„Вкупните средства за реализација на оваа програма изнесуваат 960.000.000,00 денари од кои 860.000.000,00 денари се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година и 100.000.000,00 денари се обезбедуваат од сопствени приходи на Министерство за здравство.”.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-7870/8
14 октомври 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.